РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
Факултет за информатички науки
и компјутерско инженерство
бр. 02-2821/1
28.10.2019
СКОПЈЕ

Врз основа на член 114, а во врска со член 37 став 6 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија број 82/2018), член 65 од Статутот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) и член 44 од Статутот на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 440/2019), Деканот на Факултетот на ден 28.10.2019 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

за распишување на избори за претседател и членови на факултетското студентско собрание на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје

Член 1

Се распишуваат избори за претседател и 9 (девет) членови на факултетското студентско собрание на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

Член 2

Изборите за претседател и членови на факултетското студентско собрание ќе се одржат со тајно гласање на ден 29.11.2019 година (петок), во Холот на Технолошко металуршки Факултет, во период од 08-16 часот.

Член 3

Се именува изборна комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на факултетското студентско собрание на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје во следниот состав:

1. Вон. проф. д-р Мирослав Мирчев
2. Вон. проф. д-р Александра Поповска Митровиќ
3. Стефан Маринчевски, студент
4. Марија Стојановска, студент
5. Павле Пејовски, студент

Комисијата од став 1 на овој член може да избере избирачки одбори/поткомисии составени од двајца студенти и еден наставник, односно соработник за спроведување на изборите.

Член 4

Изборната комисија од член 3 на оваа одлука:

- ја спроведува изборната постапка/и
- донесува одлука со која констатира дека предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите да бидат предложени за членови во факултетското студентско собрание. Во одлуката се наведува личното име на кандидатот, дали е запишан во семестарот, односно во годината кога се вршат изборите, студиската година, студиската програма и сл. Одлуката од комисијата е конечна;
- ги утврдува резултатите од гласањето;
- составува записник за резултатите од гласањето на факултетот и за крајниот резултат;
- врши други работи со цел спроведување на изборите.

Изборната комисија донесува Упатство со кое се утврдува нејзината работа, го утврдува изгледот на гласачкото ливче, утврдува образец на записник, начинот на гласање и пребројување на гласовите, резултатот од гласањето, известувања, записници и сл., чување и увид во изборната документација и за други прашања поврзани со постапката за организација на изборите, гласањето и утврдување на резултатите од гласањето.

Упатството се објавува на веб-страницата на Факултетот, најдоцна 7 дена пред одржување на изборите заедно со Одлуката со која се констатира дали предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите.

Член 5

Се задолжува изборната комисија од член 3 на оваа Одлука изборите за претседател и членови на факултетското студентско собрание на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје да ги реализира во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје и Статутот на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје.

Член 6

Кандидатите за претставници во факултетското собрание се утврдуваат на собири на студентите по година на студии, со тоа што од секоја студиска програма се предлагаат кандидати за претставници во факултетското студентско собрание.

Собирите на студенти по години ќе се спроведат во следните термини:

- Собирот на студенти од прва година ќе се одржи на ден 11 ноември 2019 година со почеток во 16 часот во Амфитеатарот на МФ;
- Собирот на студенти од втора година ќе се одржи на ден 11 ноември 2019 година со почеток во 16 и 15 часот во Амфитеатарот на МФ;
- Собирот на студенти од трета година ќе се одржи на ден 11 ноември 2019 година со почеток во 16 и 30 часот во Амфитеатарот на МФ;
- Собирот на студенти од четврта година ќе се одржи на ден 11 ноември 2019 година со почеток во 16 и 45 часот во Амфитеатарот на МФ;
- Собирот на студенти од посдипломски студии од сите години ќе се одржи на ден 11 ноември 2019 година со почеток во 17 часот во ден 11 ноември 2019 година со почеток во 16 и 30 часот во Амфитеатарот на МФ
- Собирот на студенти од пдокторски студии од сите години ќе се одржи на ден 11 ноември 2019 година со почеток во 17 и 15 часот во Амфитеатарот на МФ

Секој студент кој ќе биде утврден како кандидат на собирите на студенти е должен да достави Изјава за согласност за учество на избори за претседател и членови на факултетското студентско собрание на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје најдоцна до 14.11.2019 година во архивата на Факултетот.

Секој студент кој ќе се кандидира за Претседател на факултетското студентско собрание е должен да достави Изјава за согласност за учество на избори за претседател и членови на факултетското студентско собрание на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје и да достави програма за работа до архивата на Факултетот најдоцна до 14.11.2019 година.

Кандидат за член во студентското собрание не може во исто време да биде и кандидат за претседател на студентското собрание.

Член 7

Факултетското студентско собрание го сочинуваат претставници од студентите по насоки од додипломски студии и од постдипломски односно докторски студии и тоа:

- два претставници од насоките Софтверско инженерство, Software engineering and information systems односно Компјутерски науки и инженерство, Computer Science and Engineering;;
- три претставници од насоките Примена на информатички технологии односно Примена на е-технологии;
- еден претставник од насоките Компјутерски науки, Компјутерска едукација односно Академски студии по информатика;
- еден претставник од насоките Компјутерско инженерство и односно Информатика и компјутерско инженерство;
- еден претставник од насоките Интернет и мрежна безбедност односно Мрежни технологии;
- еден претставник од втор циклус студии односно трет циклус студии.

За спроведување на првиот избор местата се распределени пропорционално на моменталните студенти. Со Статут на студентите, во иднина, ќе биде утврден точен сооднос на мандатите по студиски програми.

Член 8

Врз основа на спроведените собири на студенти по години, Изборната комисија ја донесува одлуката од член 4, став 3, алинеја 1 на оваа одлука најдоцна до 15 ноември 2019 година (петок).

Член 9

Право да избираат и да бидат избрани за членови на факултетското студентско собрание имаат сите студенти на факултетот, кои се запишани на студии во учебната 2019/2020 година.

За Претседател на факултетското студентско собрание може да биде избран редовен студент на Факултетот кој ги положил сите задолжителни испити заклучно со трет семестар и има обезбедено поддршка од најмалку 30 студенти кои имаат статус редовен студент.

Членовите и претседателот на Факултетското студентското собрание се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање, со мандат од една година и со право за уште еден избор.

За избран претседател на факултетското студентско собрание се сметат кандидатот кој добил најмногу гласови од студентите кои гласале.

За избрани членови на факултетското студентско собрание се смета/сметаат кандидатот/кандидатите кои добиле најмногу гласови од студентите кои гласале, по студиски програми.

Член 10

Избирачкиот список за избор на студентско собрание и претседател за учебната 2019/20 година брои 4132 студенти и е составен дел од оваа одлука.

Член 11

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а задолжително да се објави на web страната на факултетот и да се достави поединечно до сите студенти на нивните маил адреси во рок од 3 дена од нејзиното донесување.

Декан,
Проф. д-р Иван Чорбев